ROMA EDUCATION

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 14-2416/5
20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP
14-04-2020

# Јавен оглас

## За избор на локални фасилитатори и експерти -обучувачи во рамки проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование"

Во рамки на проектот: „Инклузија на децата Роми во предучилишно образование", Министерството за труд и социјална политика во партнерство со Ромскиот образовен фонд од Будимпешта објавува конкурс за ангажирање 5 експерти-обучувачи за одржување на онлине предавања-работилници и тоа:

-Психолог
-Социолог
-Нутриционист
-Стоматолог и
-Педијатар

**Опис на проектот**

Проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишно образование", го имплементира Министерството да труд и социјална политика, во соработка и финансиска поддршка од Ромскиот Едукативен Фонд – Будимпешта од 2006 година. Целта на проектот е зголемување на бројот на деца Роми во Јавните општински установи на возраст од 3 – 6 години (како приоритетна група), надминување на стереотипите и предрасудите, подобрување на социјалните вештини и знаењето на македонскиот јазик на децата Роми и целосна поддршка при раниот детски развој. Проектот има за цел да придонесе и за зголемување на стапката на запишување на децата Роми во прво одделение, подобрување на родителските способности кај родители Роми, зајакнување на врската помеѓу родителите и предучилишните установи и подигнување на квалитетот на наставата и учењето.

Scanned with CamScanner

Република Северна Македонија
Министерство за труд и социјална политика

ROMA EDUCATION FUND

**Избор на 5 експерти –обучувачи за онлине предавања-работилници за родителите на децата во социјален ризик**

Се бараат експерти-обучувачи од следните профили за одржување на онлине предавања-работилници за месец мај-јуни:

- Психолог со предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути
- Социолог со предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути
- Стоматолог со предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути
- Педијатар со предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути и
- Нутриционист со предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути

**Критериуми кои треба да ги исполнуваат експертите:**

- Завршено високо образование
- Да има најмалку 1 година искуство во работата
- Претходно искуство со сличен ангажман ќе се смета за предност
- Основно познавање на компјутерски вештини ( Microsoft Office пакет)
- Одлични вештини во комуникација
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон целите на проектот, работа со рокови

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да доставаат CV и мотивационото писмо и предлог методологија за 4 различни предавања од по 45 минути (секој од својата област за родителите на децата во социјален ризик) **најдоцна до 30.04.2020 година до 16:30 часот на препорачано писмо, на следната адреса:**

**Министерство за труд и социјална политика**

**Ул. Даме Груев, број 14**

**1000 Скопје**

Scanned with CamScanner

ROMA EDUCATION FUND

Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

**Со назнака:** Сектор за координација и техничка помош на министерот, Одделение за импелементација на Стратегијата на Роми.

За дополнителни информации можете да се обратите секој работен ден од 08:30 до 16:30 часот на тел. бр. (02) 223 834 или на следната е-маил адреса:

TKrstevska@mtsp.gov.mk

Scanned with CamScanner